# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

| БРОЈ 6 | КОЧАНИ, 29 Мај 2024 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА |
|---|---|---|


Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 29.05.2024 година

I.

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 29.05.2024 година, и тоа:

1.Одлука за прифаќање на предлогот на Советот на Општина Виница за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Виница и Општина Кочани , Бр.09-924/1

2.Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кочани и Општина Виница, Бр.09-925/1

3.Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б90.7, (КП 11464/1 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.), Бр.09-926/1

4.Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП В38.27, (КП 16076/6 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.) .), Бр.09-927/1

5.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Кочани во областа на локалниот економски развој во 2023 година Бр.09-923/1

6.Заклучок во врска со Предлог проектот за збогатување на Програмата по повод „Петровденски конаци“Бр.09-928/1

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.08-929/1
29.05.2024 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани,
Љупчо Папазов

---

Врз основа на член 7 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија" бр.79/2009), член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 29.05.2023 година, донесе

ОДЛУКА
за прифаќање на предлогот на Советот на Општина Виница за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Виница и Општина Кочани

Член 1
Се прифаќа предлогот на Советот на Советот на Општина Виница за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Виница и Општина Кочани бр.09-386/1 од 30.04.2024 година, за вршење на определени работи од областа на инспекциските служби – овластен градежен инспектор од страна на Општина Кочани (давател на услуга) за потребите и за сметка на општина Виница ( корисник на услуга).

Член 2
Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.08-924/1
29.05.2024 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев

---

Врз основа на член 4 став 3 и член 7 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија" бр.79/2009), член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 29.05.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу
Општина Кочани и Општина Виница

Член 1
Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кочани и Општина Виница за вршење на работи од надлежност на овластен градежен инспектор – административен (државен) службеник од Општина Кочани (давател на услуга) за потребите и за сметка на Општина Виница ( корисник на услуга).

Член 2
Надлежност за која се воспоставува меѓуопштинската соработка: давање на интелектуални услуги од овластен градежен инспектор – државен службеник од Општина Кочани (давател на услуга) за потребите и за сметка на Општина Виница (корисник на услугата), преку „Склучување на договори за вршење на определени работи од една општина за една или повеќе други општини" во согласност со член 9 став (2) алинеја 2 од Законот за мегуопштинска соработка.

Член 3
Можни финансиски импликации од соработката: За работното ангажирање на лицето од Општина Кочани ќе се склучи посебен договор во кој ќе бидат уредени правата и обрските на општините: Кочани и Виница.

Член 4

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.08-925/1
29.05.2024 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.32/20 и 111/23), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 29.05.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б90.7, (КП 11464/1 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.)

Член 1

Со оваа Одлука се врши техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б90.7, (КП 11464/1 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.) со технички бр.33/24-У од март 2024 г. изработена од ДПРН ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, по добиеното позитивно мислење бр. 22-818/2 од 30.04.2024г. од Комисија за урбанизам, формирана со Решение бр. 22-1885/2 од 05.10.2021 година од градоначалникот на општина Кочани.

Предмет на техничката исправка е промена на нумеричките показатели за ГП Б90.7, во табелите со геометриски вредности од графичкиот прилог од планската документација Измена и дополнување на Детален урбанистички на град Кочани ( донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998 г.), односно:

- Во табеларниот приказ со нумеричи показатели од Планска документација на Измена и дополнување на Детален урбанистички план на град Кочани ( Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998 г.), „ Детален лист 25“ во табелата „ БРОЈ БЛОК Б 90 “, во податоците за ГП 7, ред 7, колона 4- ( Површина на ГП), бројот ” 255 “ се заменува со бројот ” 227 “, колона 6-( изграденост %) бројот ” 28 “ се заменува со бројот ” 32 “.

Член 2

Техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б90.7, (КП 11464/1, КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.) со технички бр.33/24-У од март 2024 г. изработена од ДПРН ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, е составен дел на Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Кочани”

Бр.08-926/1
29.05.2024 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.32/20 и 111/23), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 29.05.2024година, донесе

ОДЛУКА
за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП В38.27, (КП 16076/6 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.)

Член 1

Со оваа Одлука се врши техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП В38.27, (КП 16076/6 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.) со технички бр.46/24-У од мај 2024 г. изработена од ДПРН ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, по добиеното позитивно мислење бр. 22-861/2 од 16.05.2024г. од Комисија за урбанизам, формирана со Решение бр. 22-1885/2 од 05.10.2021 година од градоначалникот на општина Кочани.

Предмет на техничката исправка е промена на нумеричките показатели за ГП В38.27, во табелите со геометриски вредности од графичкиот прилог од планската документација Измена и дополнување на Детален урбанистички на град Кочани ( донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998 г.), односно:

- Во табеларниот приказ со нумерички показатели од Планска документација на Измена и дополнување на Детален урбанистички план на град Кочани ( Донесен со Одлука бр. бр. 07-138 од 16.07.1998 г.), „ Детален лист 42 , во табелата за „ БРОЈ БЛОК В38“, во податоците за ГП 27, ред 13, колона 4- ( ПОВРШИНА НА ГП), бројот ” 299 “ се заменува со бројот ” 406 “, колона 5- ( ИЗГРАДЕНОСТ м2), бројот ” 156 “ се заменува со бројот ” 162 “ колона 6-( ИЗГРАДЕНОСТ %) бројот ” 52 “ се заменува со бројот ” 40 “, и колона 7 – ( К) бројот ” 1,0 “ се заменува со бројот ” 0,8 “.

Член 2

Техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП В38.27, (КП 16076/6, КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.) со технички бр.46/24-У од мај 2024 г. изработена од ДПРН ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, е составен дел на Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Кочани”

Бр.08-927/1
29.05.2024 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 29.05.2024 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Кочани во областа на локалниот економски развој во 2023 година

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Кочани во областа на локалниот економски развој во 2023 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.08-923/1
29.05.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 29.05.2024 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

во врска со Предлог проектот за збогатување на Програмата по повод „Петровденски конаци“

I

Во рамки на можностите во Буџетот на општина Кочани за 2024 година, финансиски да се помогне реализацијата на проектот „Планинска велосипедска тура Осогово- Меморијал „Стефан Мандалов Мандана“ во организација на Клубот за планинарски спортови Осоговски орел-Кочани.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.08-928/1
29.05.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев

# СОДРЖИНА

1.Одлука за прифаќање на предлогот на Советот на Општина Виница за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Виница и Општина Кочани , Бр.09-924/1

Стр.2

2.Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кочани и Општина Виница, Бр.09-925/1

Стр.2

3.Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б90.7, (КП 11464/1 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.), Бр.09-926/1

Стр.3

4.Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП В38.27, (КП 16076/6 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.) .), Бр.09-927/1

Стр.4

5.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Кочани во областа на локалниот економски развој во 2023 година Бр.09-923/1

Стр.5

6.Заклучок во врска со Предлог проектот за збогатување на Програмата по повод „Петровденски конаци"Бр.09-928/1

Стр.5